СГГУ НА ГРАД СКОПЈЕ
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно градежно училиште на град Скопје
Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazit e qytetit të Shkupit
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZORAVKO CVETKOVSKI
Бр.-Nr. 03-489/3
01. 04 2026 год.-viti
СКОПЈЕ ...UP

ИНТЕРЕН ОГЛАС

за запишување ученици во СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“ Скопје

во учебната 2026/2027 година

(прво пријавување)

Скопје, април 2026 година

Со Конкурсот за запишување ученици во средното образование во учебната 2026/2027 година, е утврдена можноста за запишување ученици според наставните планови и програми за: стручно образование (техничко образование - четиригодишно траење, стручно образование за занимање – тригодишно траење и двегодишно траење).

Во согласност со член 42 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/2020, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25), Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25), запишувањето ученици во јавните средни училишта се врши по пат на Конкурс кој го објавува Министерството за образование и наука во средствата за јавно информирање по предлог на општините и Градот Скопје, во согласност со член 35 од статутот на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски" запишувањето ученици во училиштето се врши по пат на Интерен оглас кој го објавува училиштето и врз основа на Одлуката за објавувување на интерен оглас бр.02-489/2 од 01.04.2026 година.

Со Огласот за запишување ученици во СГГУ на ГС „Здравко Цветковски" во учебната 2026/2027 година, е утврдена можноста за запишување ученици според наставните планови и програми за:

- стручно образование (техничко образование - четиригодишно траење, стручно образование за занимање – тригодишно траење и двегодишно траење.

Наставата во јавните средни училишта се изведува на македонски јазик и кирилско писмо. За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, наставата во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

За ученикот кој ќе се запише во паралелка во стручно образование која е означена со *(соработка со компанија), практичното образование ќе биде со зголемен број часови поминати во компанија.

ИНТЕРЕН ОГЛАС

за запишување ученици во СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“ Скопје

во учебната 2026/2027 година

1. **БРОЈ НА УЧЕНИЦИ**

ВО СРЕДНОТО ГРАДЕЖНО ГИМНАЗИСКО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ “ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ”

Во прва година ќе се запишат 474 ученици во 15 паралелки (254 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик и 220 ученици во 7 паралелки со настава на албански јазик) според наставни планови и програми за:

Градежно-геодетска струка - 474 ученици, 15 паралелки

- архитектонски техничар	мак	68 уч.	2 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- архитектонски техничар	алб	68 уч.	2 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- градежен техничар*-во соработка со компании (Завод за испитувањена материјали и развој на нови технилогии Скопје, НВБ 2010 инженеринг Скопје, ГД Гранит Скопје, ЕКСФНЛ 2016 Скопје, Природно математички факултет, Кнауф ДООЕЛ, ЦЕСТ 2025 ДОЕЛ, ГЕИНГ ДОО)	мак	25 уч.	1 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- градежен техничар*-во соработка со компании (Завод за испитувањена материјали и развој на нови технилогии Скопје, НВБ 2010 инженеринг Скопје, ГД Гранит Скопје, ЕКСФНЛ 2016 Скопје, Природно математички факултет, Кнауф ДООЕЛ, ЦЕСТ 2025 ДОЕЛ, ГЕИНГ ДОО)	алб	25 уч.	1 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- геодетски техничар*-во соработка со компании (Агенција за катастар на недвижности, Геомасив Дооел Скопје, АСТРА Инженеринг, ГЕИНГ ДОО)	мак	25 уч.	1 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени

- геодетски техничар*-во соработка со компании (Агенција за катастар на недвижности, Геомасив Дооел Скопје, АСТРА Инженеринг, ГЕИНГ ДОО)	алб	25 уч.	1 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- техничар дизајнер за внатрешна архитектура	мак	68 уч.	2 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- техничар дизајнер за внатрешна архитектура	алб	34 уч.	1 пар.	4 г.тр.	45 минимум поени
- монтер за сува градба-во соработка со компании	мак	34 уч.	1 пар.	3 г.тр.	30 минимум поени
- монтер за сува градба-во соработка со компании	алб	34 уч.	1 пар.	3 г.тр.	30 минимум поени
- поставувач на подови и плочки-во соработка со компании	мак	34 уч.	1 пар.	3 г.тр.	30 минимум поени
-поставувач на подови и плочки-во соработка со компании	алб	34 уч.	1 пар.	3г.тр.	30 минимум поени

II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во јавните средни училишта (во натамошниот текст: училишта) во учебната 2026/2027 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука, и со овој Оглас.

Условите за запишување на учениците во прва година се:

- да имаат завршено основно образование;

- да не се постари од 17 години;

- да се определиле за план и програма за еден од следните видови образование:

а) гимназиско образование;

б) стручно образование и обука;

- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Оглас.

Критериуми за избор на учениците се:

– среден успех на ученикот од VI до IX одделение;

– среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);

– дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;

– средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во јавните средни училишта нема да биде обезбеден, ако избраниот вид образование (струка или насока) го има во општината, односно регионот.

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој оглас,

се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа:

- за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;

- за здравствена струка - биологија и хемија,

- за другите струки - мајчин јазик и математика.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:

- За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени

- За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

Утврдениот минимум број поени за првото пријавување е составен дел на овој Оглас.

ПРЕГЛЕД

на наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците

1	2	3	4
Ред. бр.	СТРУКА	Наставни предмети кои се задолжителни	Наставни предмети кои се од значење за струката, односно изборното подрачје
1.	Градежно-геодетска	мајчин и странски јазик	- математика, физика
* Мајчин јазик: македонски јазик, албански јазик			

III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По објавувањето на прелиминарната листа, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

-пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);

- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;

- дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;

- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со две пријавувања во месец јуни. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 16 јуни 2026 година од 08.00 часот до 19.00 часот и 17 јуни 2026 година од 08.00 часот до 15.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 18 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 22 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се

објават истиот ден, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Второто електронско пријавување на учениците ќе се врши на 23 јуни 2026 година од 00:00 часот до 23:59 часот.

Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 24 јуни 2026 година од 08.00 до 15.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 25 јуни 2026 година, најдоцна до 12.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 29 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден, на јавно место воучилиштето.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, можеда се запишат во училиштата во кои има слободни места и ги исполнуваат условите пропишани во Конкурсот, после јунскиот уписен рок со две пријавувања.

Пријавување на учениците ќе се врши на 20 август 2026 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.

Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 21 август 2026 година од 08.00 часот до 14.00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, секое училиште ја објавува на истиот ден најдоцна до 19.00часот.

По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не сезапишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.

V. НАСОКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ

Јавните средни училишта се должни интерните огласи да ги објават на јавно место во училиштетонајдоцна до 9 април 2026 година, во рамките на вкупниот број на ученици и паралелки утврдени со овој Конкурс.

По првото пријавување, училиштата можат да го намалат утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот најмногу до 10 поени, освен за упис во гимназиско образование, Сектор Економија, право и трговија и Сектор Здравство и социјална заштита, каде намалувањето на утврдениот број на минимум поени не е дозволено.

Училиштата се должни со интерниот оглас за второто пријавување, да ги истакнат утврдените минимум поени со кои е можно учениците да конкурираат за запишување во определен план и програма и да го објават на 18 јуни 2026 година најдоцна до 19:00 часот.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Директорот на средното училиште формира Училишна комисија за запишување на ученици, која ја сочинуваат 5 (пет) членови и тоа: директор на училиштето и 4 (четири) членови од редот на наставниците и стручните соработници во училиштето:

Претседател на комисијата е директорот на училиштето, а комисијата може да има и заменик претседател и заменици членови.

Училишната комисија одговара за правилно и навремено спроведување на Конкурсот за запишување на ученици во средните училишта во уписните рокови, ја утврдува конечната ранг листа на примени ученици и решава по приговори од ученици по конечната ранг листа, во рок од 4 часа по истакнувањето на истата и ги врши следните надлежности:

- формира посебни комисии (комисија за прием на документи и комисија за рангирање во училиштата)
- објавува интерен оглас согласно овој Конкурс за секое пријавување и го објавува на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница;
- објавува конечни ранг листи на запишани ученици;

-го известува Министерството за потреба од реализација на квалификациско тестирање, доколку се пријават повеќе ученици од утврдениот број со овој Конкурс, а притоа имаат ист број поени

- ги враќа примените документи (освен пријавата) на учениците кои што не се запишани во училиштето по секое објавување на конечните ранг листи во рок од 24 часа;

- ги утврдува резултатите од организираното квалификациско тестирање;

Комисијата за прием на документи ги врши следните надлежности:

- го организира приемот и врши прием на документи;

- ја проверува комплетноста и исправноста на документите по ранг листите и одговара за примените документи;

- ги архивира примените документи и издава потврда за примените документи;

- дава потребни информации и насоки на учениците и родителите/старателите за запишување на учениците.

Комисијата за рангирање ги врши следните надлежности:

- врши проверка на идентичност на податоците од доставените документи определени во Конкурсот со апликацијата и ја доставува конечната ранг листа до Училишната комисија;

- доставените приговори од учениците/родителите/старателите ги доставува до Училишната комисија;

- ја известува Училишната комисија за потребата од квалификациско тестирање, доколку се пријават повеќе ученици од утврдениот број со овој Конкурс, а притоа имаат ист број поени.

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број на ученици од предвидените во овој конкурс, а кои ги исполнуваат предвидените услови, се организира квалификациско тестирање. Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот.

За реализација на квалификациско тестирање во училиште во кое се пријавени поголем број на ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, Министерот со решение формира комисија во состав од 5 члена и тоа:

-два претставника од Министерството за образование и наука,

-два претставника од Бирото за развој на образованието и

-еден претставник од училиштето во кое се спроведува квалификациско тестирање.

Претседател на комисијата е претставник од министерството, а комисијата има заменик претседател и заменици членови.

Квалификациското тестирање на учениците ќе се реализира во средното училиште, а врз основа на тестови изготвени од Бирото за развој на образованието.

Напомена:

- Паралелките кои се комбинација од две квалификации ќе се оформат со двете квалификации само ако се запишат минимум 25 ученици, во спротивно ќе се оформи паралелка за квалификацијата за која има поголем интерес на ученици согласно позитивните законски норми.

- За квалификациите кои за прв пат се нудат во училиштата, во периодот до 29 мај 2026 година, комисија формирана од МОН ќе направи увид за исполнетост на условите за реализација на наставните планови и програми за понудената квалификација

VI. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ

Надзор над спроведување на овој Конкурс врши Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и овластените просветни инспектори на општините, односно овластените просветни инспектори на Градот Скопје.

СГГУ на ГС „Здравко Цветковски"-Скопје

в.д. Директор,

м-р Стево Павловски